**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп.1 бр.** 11-257
23.01 **2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1 и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) и Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор на **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш**, бр.11-473/1 од 20.01.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно поради реемитување на нерегистрирани програмски сервиси, Директорот на Агенцијата на ден 23.01.2015 година го донесе следното:

**Решение**
**за опоменување и за исклучување на реемитувањето на програмски сервиси**

1. СЕ ОПОМЕНУВА **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш,** заради реемитување на програмски сервиси кои не се регистрирани во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги со што е извршена повреда на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).
   Повредата од став 1 од оваа точка специфицирана е во Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-473/1 од 20.01.2015 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш,** веднаш по приемот на ова решение да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) на начин што ќе го исклучи реемитувањето на нерегистрирани програмски сервиси.

3. Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор наведен во точка 1 на ова решение, постапил по решението за исклучување на неристрирани програмски сервиси.

4. Доколку субјектот на надзорот наведен во точка 1 на ова решение, не постапи по истото и не го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги согласно член 23 став 1 алинеја 2 од истиот Закон, ќе поднесе барање за поведување прекршочна постака пред надлежен суд.

5. Ова решение е конечно.
   Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во согласност со член 6, став 1, алинеја 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), презема мерки согласно со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите.

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), е надлежна да врши програмски надзор (мониторинг) на програмите на радиодифузерите и давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети кои ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од овој закон, дозволите, издадените потврди за регистрација, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

Во рамките на своите законски надлежности, согласно член 27 и член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), Агенцијата на ден 16.01.2015 година преку овластени лица на надлежниот Сектор со помош на соодветни технички сретства, изврши редовен програмски надзор на програмските сервиси реемитувани во дигиталниот програмски пакет на операторот **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш**, при што констатираше дека е направена повреда на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14). Констатациите и описот на прекршувањето се детално специфицирани во Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-473/1 од 20.01.2015 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Следствено на тоа, врз основа на член 20, став 1 алинеи 1 и 8, член 23, став 1, алинеја 1, и член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и Писмениот извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-473/1 од 20.01.2015 година, поради констатирано непочитување на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, наведено во точка 1 на ова решение, Директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги донесе Решение со кое кон наведениот субјект се презема мерка опомена и со кое му се наложи веднаш по приемот на решението да го исклучи реемитувањето на нерегистрирани програмски сервиси и усогласување со Законот за аудио и

аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

Агенцијата ќе се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали наведениот субјект постапил по налогот односно опомената и престанал со реемитување на нерегистрирани програмски сервиси.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ова решение е конечно и против него операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението. Тужбата не го одлага извршувањето на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

**Директор,**

**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ**

**Упатство за правно средство:** Против ова решение операторот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Прилог (1): Писмен извештај за извршен редовен програмски надзор бр.11-473/1 од 20.01.2015 година.

Доставено до:
- Управителот на Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш;
- Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш;
- Раководител на Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права;
- Агенцијата за електронски комуникации на Републ ика Македонија;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 20.01.2015 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 11 | 473 | 1 | |


# ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕН РЕДОВЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР

**ОПШТО ЗА НАДЗОРОТ:**

Редовниот програмски надзор во согласност со член 27 став 1, 2 и 3 и член 28 став 1, 2 и 3, а во врска со член 64 став 2, член 141 и член 143 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) како и во согласност со Методологијата за вршење на програмски надзор донесена од страна на Агенцијата, е спроведен врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи во Радовиш, Трговско издавачко друштво **СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ** Радовиш на ден 16.01.2015 година, од страна на службено лице од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во соработка со Кординативното тело при Влада на Република Македонија, Агенцијата за електронски комуникации, Државен пазарен инспекторат, Управа за јавни приходи и Министерството за внатрешни работи.

**ВИД И ПРЕДМЕТ НА НАДЗОРОТ:**

Редовниот програмски надзор е спроведен на следниве околности: кои програмски сервиси ги реемитува операторот, дали реемитува програмски сервиси за кои немаат потврда издадена од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дали реемитува програмски сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско емитување, како и дали доколку реемитува програмски сервиси што се титлуваат на јазик различен од оригиналниот на тие сервиси има титлови на македонски јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20 отсто од граѓаните на Република Македонија.

**КОНСТАТАЦИИ:**

При извршениот редовен програмски надзор врз операторот, Трговско издавачко друштво **СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ** Радовиш на ден 16.01.2015 година, констатирано е дека овој оператор на подрачјето на Радовиш, во рамките на дигиталниот пакет, реемитува вкупно 36 програмски сервиси, од кои 12 програмски сервиси не се опфатени со потврдите за регистрација на пакет програмски сервиси бр.1 од 17.03.2014 и бр.2 од 30.05.2014 година, издадени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги, и тоа: Канал 5, ТВ Кобра, Телеканал А1, Posavina TV, Docubox HD, Fest and Funbox HD, Fightbox HD, Erox HD, Eroxxx HD, Filmbox Arthouse, 360 Tunebox и Fashionbox HD.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

**ОПИС НА ПРЕКРШУВАЊЕТО:**

Операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш**, на ден 16.01.2015 година во 12:00 часот, за своите претплатници, во рамките на дигиталниот пакет, ги реемитуваше следните телевизиски програмски сервиси за кои не е издадена потврда за нивно реемитување од страна на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиуми услуги: Канал 5, ТВ Кобра, Телеканал А1, Posavina TV, Docubox HD, Fest and Funbox HD, Fightbox HD, Erox HD, Eroxxx HD, Filmbox Arthouse, 360 Tunebox и Fashionbox HD, со што постапи спротивно на член 141 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија"бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14).

**ПРЕДЛОГ МЕРКИ:**

1. На **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш**, согласно член 141 став 13 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, бр.13/14, бр.44/14, бр.101/14 и бр.132/14), да му се издаде решение со кое ќе му се наложи веднаш да го исклучи реемитувањето на следните програмски сервиси: Канал 5, ТВ Кобра, Телеканал А1, Posavina TV, Docubox HD, Fest and Funbox HD, Fightbox HD, Erox HD, Eroxxx HD, Filmbox Arthouse, 360 Tunebox и Fashionbox HD.

2. По издавањето на решение со кое ќе се наложи исклучување на програмските сервиси да се направи контролен надзор врз работата на операторот на јавни електронски комуникациски мрежи, **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш**, со цел да се утврди дали истиот постапил по таквото решение упатено од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Во спротивно Агенцијата да поведе прекршочна постапка против овој оператор.

   Контролниот надзор да се изврши по доставена повратница од Македонска пошта дека решението е уредно примено од страна на операторот **Трговско издавачко друштво СТУДИО АНДЕС ДООЕЛ Радовиш.**

3. Решението од точка 1 да се достави до Агенцијата за електронски комуникации на Република Македонија.

**Сектор за спречување на пиратерија и заштита на авторското право и сродните права**